# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ВИКТИМИЗАЦИЈАТА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА



## ИЗВЕШТАЈ

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ВИКТИМИЗАЦИЈАТА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

# ИЗВЕШТАЈ

**Пол Игански**

**јануари 2019 година**

**CIP - Каталогизација во публикација**
**Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје**

343.3/.7-058.6:316.647.5(497.7)(047.31)

ИГАНСКИ, Пол
Истражување за виктимизацијата поради криминал од омраза [Електронски извор] : извештај / Пол Игански. - Скопје : ОБСЕ, 2018

Начин на пристап (URL): https://www.osce.org. - Текст во PDF формат, содржи 48 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 21.12.2018. - Текст на мак. алб. и англ. јазик. - Содржи и:
Hulumtim mbi viktmizimin nga krimi I urrejtjes : raport ; Hate crimes victimization survey : report

ISBN 978-608-4788-41-6

а) Криминал од омраза - Жртви - Македонија - Истражувања COBISS.MK-ID 109196298

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# РЕЗИМЕ

## СТРЕМЕЖИ И ЦЕЛИ

- Овој Извештај ги претставува клучните наоди од истражувањето за виктимизацијата поради криминал од омраза, спроведено во Северна Македонија во месеците јуни и јули 2018 година.
- Истражувањето се стреми да даде посеопфатен преглед на виктимизацијата поради криминал од омраза и нејзините ефекти, во споредба со она што претходно било достапно од малиот број  случаи на криминал од омраза на кои претходно укажале административните и невладините податоци за Северна Македонија.
- Целта беше да се обезбедат докази за потребата да се разработат делотворни мерки што ќе одговорат и ќе се борат против криминалот од омраза, ќе ги водат таргетираните политики и стратегии од страна на националните и локалните власти, и ќе ги поддржат организациите на граѓанското општество во нивната работа на застапување.

## ДИЗАЈН НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

- Истражувањето беше дизајнирано така  да може да го максимира потенцијалот да се доловат искуствата на жртвите на криминалот од омраза, фокусирајќи се на општините со најголема етничка разновидност, поради очекувањето дека е поверојатно да се случи криминал од омраза во такви области, во споредба со областите со помала етничка разновидност.
- Во истражувањето учествуваа 1.510 испитаници на возраст од 15 години и постари од нив.
- Беа спроведувани самоинтервјуа со помош на таблет (Tablet assisted self-interviews, TASI) во кои испитаниците пополнуваа прашалник со користењето на таблет што го имаше испитувачот, и со помош на испитувачот доколку беше побарано.
- Испитаниците беа регрутирани на јавни места, на локации и во време одбрани за да се добие одбирок што ќе претставува пресек на населението.

## ДОЖИВЕАН КРИМИНАЛ ГЕНЕРАЛНО

- Со користење на веродостоен минимален број на случаи на виктимизација поради криминал, само еден од шест испитаници (17,5 %) има доживеано криминал во последните 12 месеци пред истражувањето.
- Вреди да се одбележи дека мошне мал број испитаници се изјасниле дека биле физички нападнати, со или без повреда како последица.

## ДОЖИВЕАН КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

- Речиси еден од десет (9,1 %) испитаници рекол дека бил жртва на некоја форма на криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето.
- Со користење на фактичкиот број на засегнати лица, 165 испитаници во истражувањето се изјасниле дека биле жртва на најмалку едно дело на криминал од омраза во последната година.

- Стапките на виктимизација поради криминал од омраза за општините Кичево и Гази Баба биле повисоки над стапката на виктимизација поради криминал од омраза за целиот одбирок на испитаници во истражувањето. Стапките за општините Тетово и Струга биле приближно половина од стапката за целиот одбирок испитаници во истражувањето.

## КРИМИНАЛ И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА СПОРЕД КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖРТВАТА

- Многу слични пропорции на женски и машки испитаници се изјасниле дека биле жртва на криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето (женски 8,9 %; машки 9,3 %).
- Поверојатно било за помладите отколку за постарите испитаници да се изјаснат дека биле жртва на криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето. Но жртви се среќавале низ целиот спектар на возрасти на испитаниците во истражувањето.
- Испитаниците - Роми се изјасниле за највисока стапка на виктимизација поради криминал од омраза, во последните 12 месеци пред истражувањето, во споредба со другите етнички групи.
- На прашањето за нивната сексуална ориентација, големо мнозинство од испитаниците одговориле дека се хетеросексуалци (88,7 %). Значителен број од испитаниците рекле дека „претпочитаат да не кажат“ (132 од 1.510 испитаници). Неопходно е да се потенцира дека секој од осумтемина испитаници кои за своја сексуална ориентација го одбралеодговорот „хомосексуалци“ бил жртва на криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето.
- Меѓу оние испитаници кои рекле дека имаат физичка или ментална здравствена состојба или болест што траела или се очекувало да трае 12 месеци, 11,4 % (26 испитаници) се изјасниле дека доживеале криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето.

## СТОРИТЕЛИ НА КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

- Најчест тип на сторители на криминал од омраза биле непознати лица. Сепак, во повисок процент на жртви на криминал од омраза рекле дека сторителот бил сосед, некој друг од маалото, или некој друг кого го познавале.
- Помалку од една од дваесет жртви на криминалот од омраза рекоа дека сторителите биле тинејџери, а сличен процент на испитаници се изјасниле дека се работело за фудбалски хулигани. Само една жртва на криминал од омраза рекла дека сторителот бил припадник на екстремистичка група.

## ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ ПО КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

- Шест од десет (60,1 %) испитаници, за кои најсериозниот акт на криминал со кој се соочиле во последните 12 месеци бил криминал од омраза, рекле дека не го пријавиле криминалот во полиција.
- Најчеста причина, изнесена од повеќе од една третина од жртвите на криминал од омраза, зошто не го пријавиле во полиција најсериозниот акт на криминал со кој се соочиле е дека тоа е нешто што се случува. Една од шесте жртви на криминал од омраза рекла дека тоа било претривијално и претставува нешто што не вреди да се пријавува.

- Една третина од жртвите на криминал од омраза, исто така, рекле дека не биле уверени дека полицијата ќе стори нешто, со мал број,само нешто повеќе од една од дваесет жртви на криминал од омраза, наведуваат дека полицијата немало да се заангажира или заинтересира.
- За жртвите на криминал од омраза било помалку веројатно да кажат дека добиле фер третман од полицијата и дека со нив постапувале со почитување.
- Сепак, за жртвите на криминал од омраза било поверојатно отколку за жртвите на друг криминал да кажат дека полицијата ги информирала за напредувањето во нивниот предмет и дека доживеале нешто повисоко ниво на задоволство од начинот на кој полицијата се заинтересирала со случајот што го пријавиле.

## ЕФЕКТИ ОД ВИКТИМИЗАЦИЈАТА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

- За секоја од мерките на поствиктимизациските ефекти што се користени во истражувањето, за жртвите на криминал од омраза како група било поверојатно да се изјаснат за повисоки нивоа на ефекти отколку другите жртви на криминал.
- За жртвите на криминал од омраза како група било повеќе од двапати поверојатно отколку за жртвите од друг криминал да се изјаснат дека имањето значителни проблеми со членови на семејството или пријатели како последица на нивното искуство со криминал од омраза.
- За жртвите на криминал од омраза како група било поверојатно да се изјаснат за поствиктимизациски психолошки ефекти во споредба со жртвите на друг криминал.
- За жртвите на криминал од омраза, исто така, беше поверојатно да се изјаснат за психосоматските симптоми.
- За секоја од мерките користени во истражувањето во однос на загриженоста за потенцијална интерперсонална виктимизација поради криминал, за жртвите на криминал од омраза во истражувањето беше поверојатно отколку за жртвите на друг криминал да кажат дека биле мошне загрижени или прилично загрижени.
- За жртвите на криминал од омраза, исто така, беше поверојатно да кажат дека одбегнуваат определени места – како што се продавници, кафулиња, јавен превоз, спортски или културни објекти и други јавни места, поради страв дека со нив ќе се постапува лошо, поради нивното етничко, расно или национално потекло или нивните политички уверувања.
- За жртвите на криминал од омраза во истражувањето, исто така, беше поверојатно отколку за жртвите на друг криминал да се изјаснат за симптомите на посттрауматски стрес.

# СОДРЖИНА


## 1. ВОВЕД . . . 8

Стремежи и цели на истражувањето . . . 8

Структура на овој Извештај . . . 9

## 2. ДИЗАЈН НА ИСТРАЖУВАЊЕТО . . . 10

Дизајн на одбирокот . . . 10

Избор на одбирокот . . . 10

Големина на одбирокот . . . 11

Теренска работа . . . 11

Презентација на резултатите од истражувањето во овој Извештај . . . 12

Толкување на резултатите од истражувањето презентирани во овој Извештај . . . 12

## 3. ГЕНЕРАЛНО ИСКУСТВО СО КРИМИНАЛ . . . 13

Пребројување на случаите на виктимизација поради криминал . . . 13

Доживеани типови криминал . . . 14

## 4. ЛИЧНО ИСКУСТВО СО КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА . . . 16

Доживеани типови криминал од омраза . . . 17

Виктимизација поради криминал по општини . . . 18

Виктимизација поради криминал од омраза по општини . . . 19

## 5. ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ И КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА, СПОРЕД КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЖРТВАТА . . . 20

Род и виктимизација поради криминал . . . 20

Родот и виктимизацијата поради криминал од омраза . . . 20

Возраст и виктимизација поради криминал . . . 20

Возраст и виктимизација поради криминал од омраза . . . 21

Етничка припадност и виктимизација поради криминал . . . 22

Етничка припадност и виктимизација поради криминал од омраза . . . 23

Религија и виктимизација поради криминал . . . 23

Религијата и виктимизацијата поради криминал од омраза . . . 24

Сексуалната ориентација и виктимизација поради криминал . . . 24

Сексуалната ориентација и виктимизација поради криминал од омраза . . . 25

Попреченост и виктимизација поради криминал . . . 26

Попреченост и виктимизација поради криминал од омраза . . . 26

## 6. СТОРИТЕЛИ НА КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА . . . 27

## 7. ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ ПО КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА . . . 28

Пријавување на криминалот од омраза на полицијата . . . 28

Постапување од страна на полицијата . . . 29

## 8. ЕФЕКТИ НА ВИКТИМИЗАЦИЈАТА НА КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА . . . 31

Засегнатост со виктимизација поради криминал . . . 31
Социоемоционални ефекти . . . 32
Психолошки ефекти . . . 33
Загриженост поради потенцијална виктимизација поради криминал. . . . 34
Психосоматски симптоми . . . 36
Однесување при одбегнување на криминал . . . 37
Посттрауматски стрес реакции . . . 37

## 9. ЗАКЛУЧОЦИ . . . 39


Листа на слики и табели

### СЛИКИ


Слика број 1: Типови на криминал доживеани во последната година ... 14
Слика број 2: Број на криминални дела доживеани во последната година, според тип на криминал ... 15
Слика број 3: Број на испитаници кои доживеале криминал од омраза во последната година, по тип на криминал ... 17
Слика број 4: Виктимизација поради криминал, според општина ... 18
Слика број 5: Виктимизација поради криминал од омраза, по општини ... 19
Слика број 6: Возраст и искуство со виктимизација поради криминал ... 21
Слика број 7: Возраст и искуство со виктимизација поради криминал од омраза ... 22
Слика број 8: Етничка припадност и искуство со виктимизација поради криминал ... 22
Слика број 9: Етничка припадност и искуство со виктимизација поради криминал од омраза ... 23
Слика број 10: Сексуална ориентација и искуство со виктимизација поради криминал ... 24
Слика број 11: Сексуална ориентација и исксуство со виктимизација од криминал од омраза... 25
Слика број 12: Психолошки ефекти на виктимизацијата од криминал на омраза... 33
Слика број 13 : Психосоматска реакција после виктимизација поради криминал ... 36


### ТАБЕЛИ


Табела број 1: Сторители на најсериозните криминални дела кои ги доживеале испитаниците ... 27
Табела број 2: Причини зошто криминалот не бил пријавен во полицијата ... 28
Табела број 3: Постапување од страна на полицијата ... 30
Табела број 4: Засегнатост од виктимизација поради криминал ... 32
Табела број 5: Социоемоционални проблеми по виктимизацијата поради криминал... 32
Табела број 6: Загриженост поради потенцијална виктимизација поради криминал ... 35
Табела број 7: Однесување при одбегнување на криминалот ... 37
Табела број 8: Посттрауматски стрес реакции ... 38


### ПРИЛОЗИ


Прилог број 1 ... 40
Прилог број 2 ... 41

# 1. ВОВЕД

Овој Извештај ги дава резултатите од истражувањето на виктимизација поради криминал од омраза спроведено во Северна Македонија во месеците јуни и јули 2018 година. Истражувањето беше уникатно. Тоа е прво истражување со одбирок од испитаници што се стремеше да го долови личното искуство на криминал од омраза во Северна Македонија.

## СТРЕМЕЖИ И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Објавените административни податоци за криминал од омраза во Северна Македонија укажуваат на само мал број на вакви дела на криминал. Само пет дела на криминал од омраза биле евидентирани од полицијата во 2015, а само две во 2016 година, според податоците објавени од страна на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (the OSCE Office for Democratic Institutions и Human Rights, ODIHR).[1] Податоците од невладини извори укажуваат на нешто повисок, но, сепак, сè уште мошне мал број на дела на криминал од омраза. Националниот Хелсиншки комитет и Мисијата на ОБСЕ во Скопје го известиле ОДИХР за вкупно 31 инцидент на криминал од омраза во 2015 година. Дополнителни 13 регистрирани инциденти не биле верификувани како криминал од омраза според стандардите за доказни материјали на ОБСЕ/ОДИХР.[2] Во 2016 годинасе изјасниле за вкупно 35 инциденти, со дополнителни 35 регистрирани инциденти што не биле верификувани.[3] Ниту една друга невладина организација во Северна Македонија нема собирано и објавувано податоци за криминал од омраза.

Имајќи го предвид она што е познато за степенот на виктимизација поради криминал од омраза во другите европски земји, како што укажува истражувањето EU-MIDIS II и што е и референцирано во овој Извештај,[4] веројатно е дека вистинската преваленција на криминал од омраза во Северна Македонија е значително потценета во објавените административни податоци за Северна Македонија — како што ќе се посведочи во овој Извештај.

Понатаму, постои долга историја на поларизација и етнички тензии во Северна Македонија, меѓу припадниците на албанската и македонската заедница.[5] Ваквата поларизација, исто така, обезбедува плодна почва за секојдневен криминал од омраза.

Оттука, истражувањето се стремеше да обезбеди посеопфатен преглед на виктимизацијата поради криминал од омраза во Северна Македонија и нејзините ефекти отколку што било достапно претходно, како и да се идентификува степенот на непријавување на инцидентите од омраза преку вршење истражување на спектар од различни заедници со мнозински и малцински социјален идентитет врз основа на етничка припадност, религија, сексуална ориентација, попреченост и политички уверувања.

1 Види: http://hatecrime.osce.org/former-yugoslav-republic-macedonia?year=2015 и http://hatecrime.osce.org/former-yugoslav-republic-macedonia?year=2016

2 Види: Хелсиншки комитет (2016) *Годишен извештај за криминалот од омраза во 2015,* Скопје: Хелсиншки комитет, стр. 97.

3 Види: Хелсиншки комитет (2015) *Годишен извештај за криминалот од омраза во 2016,* Скопје: Хелсиншки комитет, стр. 121.

4 Агенција на Европската Унија за темелни права (FRA) (2017) EU-MIDIS II: Second European Union minorities and discrimination survey, Vienna: European Union Agency for Fundamental Rights.

5 cf. Koinova, M. (2013) *Етнонационалистички конфликт во посткомунистички држави: Варијетети на владеењето во Бугарија, Македонија и Косово,* Philadelphia, PA: University of Pennsylvania Press.

Целта беше да се обезбедат сведоштва за потребата да се разработат делотворни мерки што ќе се одзват на проблемот и ќе се борат против него, ќе ги водат таргетираните политики и стратегија од страна на националните и локалните власти, и ќе ги поддржуваат организациите на граѓанското општество во нивната работа на застапување.[6]

## СТРУКТУРА НА ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ

Извештајот е презентиран низ пет поглавја. Следејќи го воведното поглавје, изложени се некои клучни методолошки прашања за дизајнот на истражувањето и анализата на податоците, за да се поткрепи со нив толкувањето на резултатите од истражувањето. Потоа, резултатите се презентираат низ четири поглавја: личното доживување на криминал од омраза; сторителите на криминал од омраза; полициското постапување по криминал од омраза, и ефектите од криминал од омраза. Кога е можно, се прават споредби со меѓународните сведоштва за виктимизација поради криминал од омраза, првенствено, со резултатите од истражувањето EU-MIDIS II .[7]

6 ОБСЕ / ОДИХР предлага дека „Алатките што ги мерат непријавените дела од омраза и нивните ефекти врз жртвите може да обезедат подобра индикација за вистинскиот обем на криминал од омраза, како и скапоцени информации за ефектите на криминалот од омраза врз жртвите. Тие можат да идентификуваат конкретни заедници во ризик и да обезбедат информации за променливите обрасци на насилство. Тие можат да помогнат да се оцени колу заедницата има доверба во полицијата и во другите органи на кривична правда . Сето ова знаење може да помогне да се подобри планирањето, превентивното постапување и одзивноста“. *Hate Crime Data-Collection and Monitoring Mechanisms. A Practical Guide*, (2014: Warsaw: OSCE/ODIHR, стр. 33).

7 Агенција на Европската Унија за темелни права (FRA) (2017) *EU-MIDIS II: Second European Union minorities and discrimination survey*, Vienna: European Union Agency for Fundamental Rights.

# 2. ДИЗАЈН НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## ДИЗАЈН НА ОДБИРОКОТ

Имајќи го предвид стремежот да се обезбеди посеопфатен преглед на виктимизацијата поради криминал од омраза во Северна Македонија, во споредба со претходно објавените административни и податоци на невладини организации, ова истражување беше обмислено за да може да го максимира потенцијалот и да ги долови искуствата на жртвите на криминал од омраза.[8]

Истражувањето користеше дизајн на одбирок со квоти. Во отсуство на веродостојни рамки за земање одбироци за избор на случаен одбирок од населението во Северна Македонија – како што би биле адресни податоци според поштенскиот број, и немањето ажурни локални информации од попис на населентието, за да се поткрепи техниката на случајно земање одбирок, како што е случајната прошетка, потенцијалното користење на дизајни со одбирок по случаен избор на испитаници беше ограничено. Потенцијалното користење на квазислучајни техники на земање одбироци, како што е одбирокот управуван од испитаниците (respondent driven sampling), исто така, беше ограничено со високите трошоци што беа потребни за него, трошоци што ескалираат кога треба да се направи испитување на широк спектар различни заедници со мнозински и малцински социјален идентитет.

## ИЗБОР НА ОДБИРОКОТ

Изборот на одбирокот беше осмислен така за да го максимира потенцијалот да ги долови личните искуства на виктимизација поради криминал од омраза.[9] Разбирајќи дека стапките на криминал од омраза се поголеми во областите со поголема разновидност на населението,[10] одбирокот е селектиран од општините во кои етничкото македонско население, според пописот од 2002 година, не бил поголем од 77 % и не бил помал од 23 % од вкупното население на општината. Тој критериум го исполниле осумнаесет општини .[11] За да се минимизира потенцијалната предрасуда во селекцијата, одбирокот во секоја општина беше избиран во согласност со квотите врз основа на составот на општините според етнички групи, род и возраст.

Големината на вкупниот одбирок на испитаници селектирани во секоја општина беше пропорционална на големината на вкупното население на секоја општина, за сите осумнаесет општини вкупно. Потоа, вкупниот одбирок за секоја општина беше поделен пропорционално, според етничкиот состав на општината. [12]

8 Дизајнот на одбирокот го подготвија Магдалена Швидер и Пол Игански.

9 Прирачникот за истражувања на виктимизација на Обединетите нации напоменува дека „Одбирокот со квоти е важна алатка за пилот истражувања на виктимизација." Види: UNODC-UNECE (2014) Manual on Victimization Surveys, Geneva: United Nations, стр. 36: https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/Crime-statistics/Manual_on_Victimization_surveys_2009_web.pdf

10 Iganski, P. (2007) *Hate Crime and the City,* Bristol, UK: Policy Press. (See Chapter 3: 'The spatial dynamics of everyday hate crime', Bristol: Policy Press, стр.s 45-71.

11 Види: Прилог 1.

12 Види: Прилог 2. Селекцијата на испитаници Власи и Бошњаци е исклучок, зашто поголеми непропорционални одбироци се селектираа за да се постигне минимум од 30 испитаници, вкупно, од секоја група – минималниот број конвенционално користен за анализи.

Во севкупниот одбирок селектиран во секоја општина, три четвртини од лицата беа од машки пол, а една четвртина од женски пол. Целта на оваа прекумерна застапеност на машките беше стремежот да се долови што е можно посеопфатна слика на виктимизацијата поради криминал, земајќи предвид дека за машките е поверојатно отколку за женските да бидат сторители и жртви на насилен криминал на јавни места и нарушувања на јавниот ред и мир – типови на криминал кои обично стануваат посериозни како криминал од омраза.

Одбирокот селектиран во секоја општина, исто така, во голема мера ги содржеше помладите возрасни групи, во споредба со постарите возрасни групи – повторно, со стремеж да долови што е можно посеопфатна слика за виктимизацијата поради криминал, земајќи предвид дека за возрасните машки, на возраст од 16 до 24 години, највероjатно е да бидат жртви на насилен криминал на јавни места, при што стапката на виктимизација опаѓа со возраста. Во секоја општина, за истражувањето беше селектиран одбирок двапати поголем од стапката во националната популација на возраст од 15 до 19 години, на возраст од 20 до 24 години и на возраст од 25 до 29 години; стапка еднаква на националната стапка на населението на возраст од 30 до 39 години, како и половина од националната стапка на популацијата одбрана за постарите возрасни групи.

## ГОЛЕМИНА НА ОДБИРОКОТ

Испитувачите им пристапија на 1.733 лица: од кои 223 лица одбија да бидат интервјуирани (14,8 % од сите на кои им е пристапено), а 1.510 испитаници на возраст постари од 15 години учествуваа во истражувањето преку спроведување на интервјуто. Оваа бројка е сосема во рамките на конвенционалниот спектар на бројот на испитаници регрутирани за испитување на јавното мислење и за пазарни истражувања.

## ТЕРЕНСКА РАБОТА

Теренската работа беше спроведена од страна на националната истражувачка агенција, БРИМА[13] со користење на 43 испитувачи што зборуваат македонски и албански јазик, со претходно искуство на спроведување на интервјуа во рамките на истражувањата. Земајќи ја предвид чувствителната природа на некои од прашањата од истражувањето, се спроведуваше таканареченото самоинтервјуирање со помош на таблет (tablet assisted self-interviews, TASI), во кое испитаниците пополнуваа претходно кодиран прашалник за истражувањето, со користење на таблет - обезбеден од испитувачот, и со помош од испитувачот доколку се побараше. Рутирањето низ прашалникот ги следеше одговорите на испитаниците. Прашалникот беше достапен на македонски и на албански јазик. Испитувачите беа присутни за да одговорат на секое прашање од испитаниците во врска со секакви потребни појаснувања за формулацијата на прашањето. Интервјуата се водеа приквечер и за време на викендот, за да се опфатат потенцијалните испитаници кои преку ден беа на работа, на училиште или на факултет.

Испитаниците беа регрутирани на јавни места, на локации одбрани за да се постигне пресек на населението – блиску до железнички или автобуски станици, пошти, здравствени домови и болници, шопинг центри и кина. Пред да се спроведе теренската работа за истражувањето, се спроведе пилот на регрутирање на испитаниците и на пополнување на прашалникот, под исти услови како што беа планирани за истражувањето.

13 Види: http://www.brima.com.mk/eng/index.html

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ВО ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ

Сите презентирани резултати се тежински нормализирани резултати, освен кога се презентира бројот на директно доживеани криминални дела. Тежинската нормализација се примени за да се приспособат резултатите во согласност со параметрите на националното население за составот според етничката група, родот и возраста, според пописот од 2002 година. Како што е и вообичаено кога се известува за наодите од истражувањето на определен одбирок, тежински нормализираните проценти и тежински ненормализираниот број на испитаници (n) од кои се изведени процентите се презентираат во однос на резултатите за кои се известува.

## ТОЛКУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ПРЕЗЕНТИРАНИ ВО ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ

Иако селекцијата и последователната тежинска нормализација на одбирокот од истражувањето се стремеше да се совпадне со населението од кое е извлечен, кога се зема предвид составот според етничката група, родот и возраста, користењето на одбирокот со квота, а не по случаен избор ја спречува генерализацијата на резултатите од истражувањето надвор од групата на испитаници во истражувањето.

Како последица на тоа, овој Извештај не дава изведени заклучоци за поширокото население, подалеку од одбирокот од истражувањето. Воочените разлики меѓу подгрупите од одбирокот како, на пример, меѓу жртвите на криминал од омраза и жртвите на друг криминал, меѓу етничките групи, меѓу возрасните групи, и меѓу женските и машките , всушност, се фактичките разлики за одбирокот.

За помош во толкувањето на воочените разлики се следат определени конвенции врз основа на известувањето за резултатите од истражувањата и анкетите по случаен избор. Бидејќи резултатите што се темелат на помал број на одговори во едно истражување помалку се практиката што ја користи Агенцијата на Европската Унија за темелни права (the EU Fundamental Rights Agency, FRA) во извештаите од истражувањето EU-MIDIS II е усвоена и во овој Извештај:

- Резултатите врз основа на 20 до 49 тежински ненормализиран број на вкупно испитаници во групата, или врз основа на полиња со помалку од 20 тежински ненормализирани испитаници се забележани во загради.
- Резултати засновани на помалку од 20 ненормализирани испитаници вкупно во групата не се презентирани (со само неколку исклучоци).

Земајќи предвид дека резултатите од истражувањето се изведени од одбирок со квота, а не по случаен избор, тестовите за статистичко значење не се дадени во известувањата за резултатите бидејќи клучна претпоставка зад тестирањето на значајноста е резултатите да се темелат врз случаен одбирок на испитаници. Сепак, за помош во толкувањето на малите воочени разлики меѓу подгрупите испитаници или категориите податоци во презентираните резултати, кога се коментира за ваквите разлики, за да се поттикне претпазливост во толкувањет о, кога е неопходно се користи ѕвездичка за да посочи дека воочената разлика не би била статистички значајна доколку резултатите биле изведени од случаен одбирок: што значи дека тоа е помалку од вообичаеното ниво на доверба дека резултатите не би можеле да настанат случајно, поради карактеристиките на селекцијата на одбирокот, а не поради реални разлики.

# 3. ГЕНЕРАЛНО ИСКУСТВО СО КРИМИНАЛ

За да се постави контекстот за презентирање на наодите од истражувањето во врска со криминалот од омраза што го доживеале испитаниците во истражувањето, конструктивно е накратко да се исцртаат контурите на резултатите од истражувањето во врска со личното искуство на испитаниците со кој и да е тип криминал, генерално.

## ПРЕБРОЈУВАЊЕ НА СЛУЧАИТЕ НА ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

За да се разбере личното искуство со криминалот, перципирано од испитаниците во истражувањето, прашањата во истражувањето се фокусираа на единаесет различни категории криминал, вклучени во Кривичниот законик на Северна Македонија. Иако тие не ги опфаќаат сите кривични дела специфицирани во Кривичниот законик, работна група во Министерството за правда предложи амандмани на Кривичниот законик за секоја од овие категории криминал, за да се вградат заострувања на казните во случаи на криминал од омраза.[14]

Прашањата поврзани со осум од категориите на криминал (види слика број 1) запрашаа за криминалот што испитаниците во истражувањето го доживеале директно. Оттука, вкупно осумте категории, претставуваат веродостојно пребројување на случаите на виктимизација поради криминал. Тие, исто така, даваат корисна споредба со резултатите од истражувањата за виктимизација поради криминал од некои други земји, зашто покриваат клучни заеднички класификации на криминал што се користат меѓународно. Сепак, се работи за минимален број, земајќи предвид дека не ја содржи секоја поединечна категорија криминал во Кривичниот законик на Северна Македонија.[15]

Со користење на овој минимален број на виктимизација поради криминал, само нешто повеќе од еден од шест испитаници (17,5 %) доживеал криминал во последните 12 месеци пред истражувањето.

14 Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права препорачува: „Секогаш кога е можно, анкетирањето на жртвите треба да се осврне на истите мотивации од предрасуди и типовите на криминал какви што се водат во официјалните статистики. Ова овозможува содржински споредби меѓу истражувањата и податоците евидентирани од органите за кривична правда". Hate Crime Data-Collection and Monitoring Mechanisms. A Practical Guide, (2014: Warsaw: OSCE/ODIHR, стр. 34).

15 Прашањата за три од категориите криминал, по својот дизајн, беа потенцијално преинклузивни во смисла на доловеното искуство со криминал, а категориите криминал, исто така, генерално, не се вклучени во меѓународните истражувања за виктимизација од криминал. Прашањата поставени за две од категориите криминал потенцијално го доловуваат искуството на луѓето што биле засегнати со односниот криминал, но кои не биле директно таргетирани. „Дали сте биле засегнати со тоа што некој скврнавел гроб во текот на претходната година?", и „Дали сте биле засегнат со тоа што некој спречувал или попречувал јавно собирање во текот на претходната година?". Покрај ова, прашањата поврзани со одбивањето медицинска помош не прашуваат дали лицето што одбило било лице овластено и способно да понуди медицинска помош.

## ДОЖИВЕАНИ ТИПОВИ КРИМИНАЛ

Највообичаениот тип криминал што го доживеале испитаници опфаќа кражба на нешто нивно или грабеж: нив ги доживеале речиси една десетина (9,2 %) од сите испитаници во последните 12 месеци пред истражувањето (слика број 1).

*Слика број 1: Типови на криминал доживеани во последната година*




**Испитаници кои одговориле со „да“ на ...**

а) Прашање CV1: „Дали некој ви украл имот или ве ограбил во текот на последната година?“

б) Прашање CV3: „Дали некој ве навредил или вербално ве нападнал во текот на последната година?“

в) Прашање CV18: „Дали некој го оштетил вашиот имот во текот на последната година?“

г) Прашање CV2: „Дали некој се заканувал на вашата безбедност во текот на последната година?“

д) Прашање CV4: „Дали некој физички ве нападнал (исклучувајќи разбојништво) без да предизвика телесна повреда во текот на последната година?“

ѓ) Прашање CV5: „Дали некој физички ве нападнал (исклучувајќи разбојништво) предизвикувајќи телесна повреда во текот на последната година?“

е) Прашање CV7: „Дали некој незаконски ве лишил од слобода во текот на последната година?“

ж) Прашање CV6: „Дали некој сексуално ве нападнал или ве силувал во текот на последната година?“

Да се биде мета на навреди или вербален напад е вториот и најчест (6,2 %) тип криминал што лично е доживеан. Минималниот број ги користи само навредите или вербалните напади класифицирани како криминал во Кривичниот законик, а тоа се оние сторени целосно или делумно поради етничката, расната, националната или верската припадност на жртвата, нејзините политички уверувања, поради нејзиниот род, сексуалната ориентација или родовиот идентитет, или поради физичката или менталната здравствена состојба што можеби ја имаат.

Доколку се додадат некриминалните навреди за кои се изјаснија испитаниците, тогаш над еден од десет (11,7 %) од сите испитаници се изјасниле дека биле на мета на некоја форма на навреда или вербален напад во последните 12 месеци пред истражувањето.

Вреди да се одбележи дека мошне мал број испитаници се изјасниле дека биле физички нападнати, со (0,9 %) или без (1,6 %) повреда како резултат на нападот. Сведоштвата од истражувањата на криминал од други земји, исто така, покажуваат дека само мал процент од

испитаниците се изјасниле за напад. На пример, само 2,7 % од испитаниците во Истражувањето на криминалот во Шведска во 2017 година рекле дека биле жртва на физички напад.[16]

Некои испитаници доживеале повеќе од едно дело, а некои и во повеќе од една пригода. Кога ќе се соберат фактичките тежински ненормализирани бројки, 783 дела на криминал се доживеани од вкупно 1.510 испитаници во последните 12 месеци пред истражувањето (слика број 2). Најголемата категорија криминал, на која отпаѓа повеќе од една четвртина од сите криминални дела (26,9 %) вклучува имотни кражби или разбојништва. На навредите или вербалните напади отпаѓаат повеќе од една четвртина од сите криминални дела. На физичките напади, со или без повреда, отпаѓаат вкупно релативно мал број, околу еден од седум (14,0 %), од сите криминални дела.

*Слика број 2: Број на криминални дела доживеани во последната година, според тип на криминал*




Вкупен број (ненормализиран) на дела пријавени од испитаниците = 783

**Колку пати?**
Прашања: a CV3a; b CV1a; c CV9a; d CV11a; e CV2a; f CV8a; g CV10a; h CV11a; i CV5a; j CV7a; k CV6a.

16 Шведскиот национален совет за превенција на криминал (Brå) (2018) *Swedish Crime Survey 2017,* Stockholm: Brå, стр. 7.

# 4. ЛИЧНО ИСКУСТВО СО КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

За секоја категорија криминал вклучена во истражувањето, испитаниците беа прашани дали тие биле жртва на таков криминал во последните 12 месеци — дали сметале дека инцидентот или некој друг инцидент се случил делумно или целосно поради нивното етничко, расно или национално потекло, нивната верска припадност и нивните политички уверувања. Доколку испитаниците претходно во разговорот посочиле дека нивната сексуална ориентација е друга, а не „хетеросексуална“, беа прашани дали сметаат дека инцидентот се случил поради нивната сексуална ориентација или родовиот идентитет. Исто така, доколку во разговорот тие посочиле дека имаат физичка или ментална состојба или болест што трае или се очекува да трае 12 месеци или подолго, беа прашани дели инцидентот е поврзан со таа состојба или болест. Испитаниците, исто така беа, прашани кое било најсериозното дело што го доживеале во последните 12 месеци пред истражувањето (на пример,, „Дали мислите дека [овој инцидент /некој од овие инциденти] во последните 12 месеци се случиле делумно или целосно поради тоа што сте жена?“).

Криминалот за кој се изјасниле испитаниците кои одговорија со „да“ на кое и да е од прашањата се броеше како криминал од омраза.[17]

Речиси еден од десет (9,1 %) испитаници изјавил дека бил жртва на некоја форма на криминал од омраза во период од 12 месеци пред истражувањето. Со користење на фактичките тежински ненормализирани бројки, 165 испитаници во истражувањето се изјасниле дека биле жртва на најмалку еден чин на криминал од омраза во претходната година. Бројката е во остар контраст со бројот на чинови на криминал од омраза кои официјално ја имаат известено Северна Македонија, а, исто така, и бројот за кој Хелсиншкиот комитет, ја има известено Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (OSCE/ODIHR). Контрастот е уште поостар кога ќе се земе предвид дека тие 165 лица кои доживеале криминал од омраза во истражувањето се дел од само мало делче на населението што учествуваше во истражувањето.

Меѓународните споредби на стапката на виктимизација поради криминалот од омраза може да се неверодостојни, земајќи предвид дека нема стандардна дефиниција за криминал од омраза. Сепак, за споредба, Истражувањето за криминалот во 2016 година во Шведска процени дека во Северна Македонија во 2015 година, 2,8 % од населението на возраст од 16 до 79 години биле жртви на ксенофобен, антирелигиозен или хомофобен криминал од омраза.[18] Сепак, тоа е поконзервативна мерка кога се споредува со истражувањето на криминал од омраза, бидејќи истражувањето за криминалот во Шведска не прашуваше за криминал за кој испитаниците верувале дека се случил поради нивните политички уверувања, попреченост што можеби ја имаат, или поради тоа што се жени.

Многу понеконзервативна, а многу поинклузивна мерка се користеше во истражувањето на EU-MIDIS II при пребројувањето на искуствата со малтретирање мотивирано од омраза, што го перципирале испитаниците во однос на нивното етничко или имигрантско потекло. Истражувањето се фокусираше на пет типа малтретирање: навредливи или заканувачки

17 Работната група на Министерството за правда предлага: „Криминал од омраза, како што е пропишан со одредбите од овој Закон, е криминален акт против физичко или правно лице или со нив поврзан имот, сторен целосно или делумно поради стварна или претпоставена карактеристика на лицето што се однесува на расата, бојата на кожата, националноста, етничкото потекло, вероисповедта или уверувањата, менталната или физичката попреченост, полот, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, или политичката припадност“. (став 23 член 32).

18 Шведскиот национален совет за превенција на криминалот (Swedish National Council for Crime Prevention, Brå, 2018) *Hate Crime 2016 (Криминал од омраза во 2016),* Стокхолм: Brå, страница 8.

лични коментари; закани со лично насилство,; навредливи гестови или несоодветно зјапање; навредливи или заканувачки емаил-пораки или SMS-пораки; и навредливи коментари дадени за нив онлајн. Мерката за вознемирување се протега и многу надвор од категориите на криминал што се користат во ова истражување за криминалот од омразам за да го доловат искуството на криминал од омраза во Северна Македонија. Забележливо е дека еден од четири (24 %) од испитаниците во истражувањето на EU MIDIS II рекол дека доживеал вознемирување мотивирано од омраза во тие 12 месеци пред истражувањето.[19]

## ДОЖИВЕАНИ ТИПОВИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

*Слика број 3: Број на испитаници кои доживеале криминал од омраза во последната година, по тип на криминал*




**Испитаници кои одговориле „да“ на некое од прашањата CV1c, CV1d, CV1e, CV1f, CV1g, CV2c, CV2d, CV2e, CV2f, CV2g, CV3c, CV3d, CV3e, CV3f, CV3g, CV4c, CV4d, CV4e, CV4f, CV4g, CV5c, CV5d, CV5e, CV5f, CV5g, CV6c, CV6d, CV6e, CV6f, CV6g, CV7c, CV7d, CV7e, CV7f, CV7g, CV8c, CV8d, CV8e, CV8f, CV8g, MS5 и „да“ на ...**

а) Прашање CV3: „Дали некој ве навредил или вербално ве нападнал во текот на последната година?“

б) Прашање CV1: „Дали некој ви украл имот или ве ограбил во текот на последната година?“

в) Прашање CV18: „Дали некој го оштетил вашиот имот во текот на последната година?“

г) Прашање CV2: „Дали некој се заканувал на вашата безбедност во текот на последната година?“

д) Прашање CV4: „Дали некој физички ве нападнал (исклучувајќи разбојништво) без да ви предизвика телесни повреди во текот на последната година?“

ѓ) Прашање CV5: „Дали некој физички ве нападнал (исклучувајќи разбојништво), предизвикувајќи ви телесни повреди, во текот на последната година?“

е) Прашање CV7: „Дали некој незаконски ве лишил од слобода во текот на последната година?“

ж) Прашање CV6: „Дали некој сексуално ве нападнал или силувал во текот на последната година?“

Најчесто среќаваниот тип на криминал од омраза опфаќа вербален напад. И покрај индикациите од податоците на невладините организацииdека најголем дел од криминалот

19 Види: Агенција на Европската Унија за темелни права (European Union Agency for Fundamental Rights, FRA, 2017) *EU-MIDIS II: Second European Union minorities and discrimination survey*, Vienna: European Union Agency for Fundamental Rights, стр. 58.

од омраза вклучува и телесни повреди,[20] мошне мал број дела на криминал од омраза, кое се известува во истражувањето, опфаќаат физички напад, со или без повреди како последица.

Доколку искуството на секој од испитаниците што доживеал конкретен чин на криминал се брои како само еден чин на криминал, тогаш вкупно 222 акта на криминал од омраза беа регистрирани со истражувањето со вкупно 1.510 испитаници.

## ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ПО ОПШТИНИ

Имајќи го предвид малиот број на испитаници (n < 50) во повеќе од половина од општините, не е можно да се направи веродостојна споредба на стапките на известија за виктимизација поради криминал во сите осумнаесет општини селектирани за истражувањето. Сепак, евидентно е (слика број 4) дека стапките на виктимизација поради криминал за испитаниците во истражувањето од Кичево (42,3 %) и Гази Баба (28,8 %) беа доста над стапката на виктимизација поради криминал за сите општини вкупно (17.4%). Стапките за Тетово (11,1%) и Струга (10,9 %) беа доста под севкупната стапка на виктимизација поради криминал.

*Слика број 4: Виктимизација поради криминал, според општина [a]*




n:

Кичево = 83; Маврово и Ростуше = 23; Гази Баба = 194; Јегуновце = 28; Петровец = 22; Брвеница = 42; Бутел = 95; СИТЕ =1510; Чаир = 171; Куманово = 278; Сопиште = 15; Тетово = 233; Струга = 167; Чучер Сандево = 22; Ресен = 44; Долнени = 36; Чашка = 20; Крушево = 26; Зелениково = 11;

[a] Варијабла кодирана од испитувачот: „Општина“

20 Види: Хелсиншки комитет (2016) *Годишен извештај за криминалот од омраза во 2016*, Скопје: Хелсиншки комитет, стр. 122.

## ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА ПО ОПШТИНИ

Евидентно е дека стапките на виктимизација поради криминал од омраза во Кичево и Гази Баба, беа доста над стапката на виктимизација поради криминал од омраза за целиот одбирок на испитаници во истражувањето. Стапките на виктимизација поради криминал од омраза кај испитаниците од Тетово и Струга беа приближно половина од стапката за целиот одбирок испитаници во истражувањето.

*Слика број 5: Виктимизација поради криминал од омраза, по општини [a]*




n:

Кичево = 83; Маврово и Ростуше = 23; Гази Баба = 194; Јегуновце = 28; Петровец = 22; Брвеница = 42; Бутел = 95; СИТЕ =1510; Чаир = 171; Куманово = 278; Сопиште = 15; Тетово = 233; Струга = 167; Чучер Сандево = 22; Ресен = 44; Долнени = 36; Чашка = 20; Крушево = 26; Зелениково = 11;

[a] Варијабла кодирана од испитувачот: „Општина“

За жителите на урбаните средини беше поверојатно отколку за жителите на руралните средини да се изјаснат за виктимизација поради криминал од омраза (урбани = 10,2 %: рурални =7,5 %).*

# 5. ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ И КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА, СПОРЕД КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ЖРТВАТА

## РОД И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

За машките испитаници беше нешто поверојатно отколку за женските да се изјаснат дека биле жртва на криминал во последните 12 месеци пред истражувањето (19,0 % од машките: 16,0 % од женските). Разликата меѓу стапките на виктимизација поради криминал за машки и женски е поголема во урбаните средини (22,0 % од машките: 16,8 % од женските), а помала во руралните средини (15,1% од машките: 14.6 % од женските).* За интеракцијата на возраста и родот во виктимизацијата поради криминал се дискутира подолу, во наодите за возраста и виктимизацијата поради криминал.

## РОДОТ И ВИКТИМИЗАЦИЈАТА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Мошне слични пропорции на машки и женски испитаници (9,3 % од машките; 8,9 % од женските) се изјасниле дека биле жртва на криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето.* Потребно е да се одбележи дека истражувањето EU-MIDIS II, кое се фокусираше на вознемирување врз основа на етничкото или имигрантското потекло на испитаниците, исто така, не најде родова разлика во севкупната стапка на виктимизацијата.[21] За интеракцијата на возраст и род во виктимизацијата поради криминал од омраза се дискутира подолу, во наодите за возраст и виктимизација поради криминал од омраза.

## ВОЗРАСТ И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

За помладите испитаници беше поверојатно отколку за постарите да се изјаснат дека биле жртва на криминал во последните 12 месеци пред истражувањето, како што може да се види кога испитаниците се категоризираат во три возрасни групи (слика број 6). Ова е случај и за машките и за женските испитаници.

21 Агенција на Европската Унија за темелни права (European Union Agency for Fundamental Rights, FRA) (2017) *EU-MIDIS II: Second European Union minorities and discrimination survey*, Vienna: European Union Agency for Fundamental Rights, стр. 58.

*Слика број 6: Возраст и искуство со виктимизација поради криминал* [a]




[a] Прашање BG2: „Која година сте родени“, рекодирано во три категории

## ВОЗРАСТ И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Слично, во случај на виктимизација поради криминал од омраза, за помладите испитаници беше поверојатно отколку за постарите да се изјаснат дека биле жртва на криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето (слика број 7). Овој наод е, исто така, конзистентен со истражувањето EU-MIDIS II кое, исто така, констатира дека помладите возрасни групи се изјасниле за највисока стапка на вознемирување, при што преваленцијата се намалува како што расте возраста.[22] Но, исто така, јасно е евидентно дека виктимизација поради криминал од омраза се случува низ целиот возрасен спектар на испитаници. И покрај укажувањата од податоците на невладините организации дека мнозинството жртви на криминал од омраза се малолетници,[23] шест од десет (62,8 %) од жртвите на криминал од омраза во истражувањето беа на 30-годишна возраст и повеќе.

22 Агенција на Европската Унија за темелни права ( European Union Agency for Fundamental Rights (FRA) (2017) *EU-MIDIS II: Second European Union minorities and discrimination survey*, Vienna: European Union Agency for Fundamental Rights, стр. 60.

23 Види: Хелсиншки комитет (2016) *Годишен извештај за криминалот од омраза во 2016,* Скопје: Хелсиншки комитет, стр. 124.

*Слика број 7: Возраст и искуство со виктимизација поради криминал од омраза [a]*




[a] Прашање BG2: „Која година сте родени?" рекодирани во три категории

n...
Машки = 1132
Женски = 378

## ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

Испитаниците – Роми се изјасниле за највисока стапка на виктимизација поради криминал во последните 12 месеци пред истражувањето (слика број 8).[24] Припадниците на албанската и влашката заедница, како групи, се изјасниле за најниска стапка на виктимизација поради криминал.

*Слика број 8: Етничка припадност и искуство со виктимизација поради криминал [a]*




[a] Прашање BG20: „Која е вашата етничка група? Ве молиме, одберете ја опцијата што најдобро ја опишува вашата етничка група или потекло".

24 Поради малиот број Роми – испитаници вкупно (<50), неопходна е претпазливост при изведување заклучоци од овој наод.

## ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Имајќи го предвид релативно малиот број испитаници (<50) од некои етнички групи, најверодостојна е споредбата меѓу албанските, македонските* и турските* испитаници. Стапката на виктимизација поради криминал од омраза во секоја од овие групи е нешто под стапката за сите испитаници во вкупното истражување (слика број 9). Од сите групи, испитаниците - Роми се изјасниле за највисока стапка на виктимизација поради криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето.[25] Треба да се истакне дека и истражувањето EU-MIDIS II констатира слична состојба дека испитаниците - Роми доживуваат највисока стапка на вознемирување.[26]

*Слика број 9: Етничка припадност и искуство со виктимизација поради криминал од омраза [a]*

**Процент на испитаници кои биле жртви на криминал во последната година**

n:
Роми= 37
Срби= 44
Бошњаци= 29
Македонци= 693
Турци= 58
Албанци= 592
Власи= 31




[a] Прашање BG20: „Која е вашата етничка група? Ве молиме, одберете ја опцијата што најдобро ја опишува вашата етничка група или потекло".

## РЕЛИГИЈА И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

За испитаниците - христијани беше поверојатно отколку за испитаниците - муслимани да се изјаснат дека биле жртва на криминал во последните 12 месеци пред истражувањето (20 % од христијаните; 14,2 % од муслиманите). Високи пропорции од многу мал број испитаници од други религии (n=9) или лица кои претпочитале да не се изјаснат за својата религија (n=16) се изјасниле дека биле жртва на криминал, но бројките се премногу мали за веродостојна споредба.

25 Сепак, поради малиот број Роми – испитаници вкупно (<50), неопходна е претпазливост при изведување заклучоци од овој наод.

26 European Union Agency for Fundamental Rights (FRA) (2017) *EU-MIDIS II: Second European Union minorities and discrimination survey*, Vienna: European Union Agency for Fundamental Rights, стр. 58.

## РЕЛИГИЈАТА И ВИКТИМИЗАЦИЈАТА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

За испитаниците - христијани беше поверојатно отколку за испитаниците - муслимани да се изјаснат дека биле жртва на криминал од омраза во последните 12 месеци (9,3 % од христијаните; 8,4 % од муслиманите).

## СЕКСУАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

Запрашани за нивната сексуална ориентација, големо мнозинство од испитаниците се изјасниле дека се хетеросексуално ориентирани. Значителен број испитаници (132) рекоа дека „претпочитаат да не одговорат“. Мал број рекоа дека се бисексуални (9), хомосексуални (8), асексуални (11), или друго (10). Кога ќе се комбинираат како група, за нив беше поверојатно да се изјаснат дека биле жртва на криминал во текот на последната година, во споредба со хетеросексуалните испитаници и со оние испитаници кои претпочитале да не се изјаснат за нивната сексуална ориентација (слика број 10).[27]

Она што е, сепак, јасно евидентно е дека секој од осумтемина испитаници кои за своја сексуална ориентација избрале „хомосексуална“, како и пет од деветтемина испитаници кои одбрале „бисексуална“ ориентација биле жртва на криминал во текот на последната година.

*Слика број 10: Сексуална ориентација и искуство со виктимизација поради криминал [a]*




* Бисексуална, хомосексуална, асексуална, друга

Друга сексуална ориентација = 38
Хетеросексуална = 1340
Претпочита да не каже= 132

[a] Прашање BG20: „Која е вашата етничка група? Ве молиме, одберете ја опцијата што најдобро ја опишува вашата етничка група или потекло“.

27 Сепак, поради малиот број на испитаници во комбинирана група (<50) потребна е претпазливост кога се извлекуваат заклучоци од овој наод.

## СЕКСУАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Кога се комбинирани како група, испитаниците кои се класифицирале како бисексуални, хомосексуални, асексуални или „други“ ориентации,поверојатно е да се изјаснат дека биле жртва на криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето кога се споредени со хетеросексуалните испитаници и оние испитаници кои претпочитале да не се изјаснат за својата сексуална ориентација (слика број 11).[28]

Потребно е да се одбележи дека секој од осумтемина испитаници кои одбрале „хомосексуални“ како своја сексуална ориентација биле жртва на криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето.

*Слика број 11: Сексуална ориентација и искуство со виктимизација од криминал од омраза [a]*




* Бисексуална, хомосексуална, асексуална, друга

[a] Прашање BG4: „Која е вашата сексуална ориентација?“

n:
Друга сексуална ориентација = 38
Хетеросексуални = 1340
Претпочита да не каже= 132

28 Сепак, поради малиот број испитаници во комбинираната група (<50) неопходна е претпазливост при изведување заклучоци од овој наод.

## ПОПРЕЧЕНОСТ И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

Осумнаесет проценти од испитаниците (171 испитаник вкупно) рекле дека имале физичка или ментална здравствена состојба или болест што траела или се очекувало да трае 12 месеци или подолго време. За нив беше поверојатно отколку за испитаниците без долготрајна физичка или ментална здравствена состојба или болест да се изјаснат дека биле жртва на криминал во последните 12 месеци пред истражувањето (20,5 %: 16,9 %).*

## ПОПРЕЧЕНОСТ И ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Меѓу испитаниците кои рекле дека имаат физичка или ментална здравствена состојба или болест што траела или се очекувало да трае 12 месеци, 11,2 % се изјасниле дека имале доживеано криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето. Ова е нешто повисока стапка од 8,6 % од испитаниците без попреченост кои се соочиле со криминал од омраза.* Вреди да се одбележи дека еден од три испитаници во истражувањето кои рекле дека имале долготрајна ментална здравствена состојба се изјасниле дека се соочиле со криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето - највисока стапка на виктимизација поради криминал од омраза меѓу испитаниците со физичка или ментална здравствена состојба или болест што траела или се очекувало да трае 12 месеци.[29]

29 Поради малиот број вклучени испитаници (n=23) неопходна е претпазливост при изведување заклучоци од овој наод.

# 6. СТОРИТЕЛИ НА КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Сите испитаници во истражувањето кои се изјасниле дека биле жртва на криминал во последните 12 месеци пред истражувањето биле запрашани да го посочат најсериозниот чин на криминал. Потоа биле побарани поподробни информации за ваквите акти на криминал и надвор од искуството на виктимизација поради криминал. Ова поглавје од Извештајот и поглавјата што следат ќе се фокусираат врз најсериозните акти на криминал посочени од испитаниците.

**ТАБЕЛА БРОЈ 1:**
**СТОРИТЕЛИ НА НАЈСЕРИОЗНИТЕ КРИМИНАЛНИ ДЕЛА КОИ ГИ ДОЖИВЕАЛЕ ИСПИТАНИЦИТЕ**

| | Криминал од омраза % | Друг криминал % |
|---|---|---|
| Непознат (некој кого не сте го познавале) | 25,2 | 22,8 |
| Не го видов сторителот | 22,2 | 28,5 |
| Некој друг од вашето соседство | 18,8 | 8,7 |
| Членови од вашето домаќинство | 12,3 | 3,8 |
| Некој друг кого го познавате | 11,3 | 10,4 |
| Друг јавен службеник | 5,6 | 3,9 |
| Сосед | 4,5 | 9,8 |
| Тинејџер или група тинејџери | 4,1 | 2,8 |
| Некој од училиште или факултет | 3,5 | 3,6 |
| Фудбалски хулиган | 3,5 | 0,6 |
| Некој со кого работите, колега | 3,2 | 2,3 |
| Купувач, клиент или пациент | 2,7 | 2,8 |
| Полициски службеник | 2,5 | 0,7 |
| Член на екстремистичка група | 0,4 | 0,0 |
| Друго | 0,4 | 8,0 |
| *Ненормализиран n* | *90* | *207* |

Запрашани за сторителите на најсериозните акти на криминал со кои се соочиле, највообичаен единечен вид на сторител биле непознатите – според жртвите на криминал од омраза. Сепак, висок процент на жртви на криминал од омраза го препознаваа сторителот како сосед или некој друг од маалото или некој друг кој им е познат.

Потребно е да се одбележи дека, според жртвите, членовите на екстремистички групи, фудбалски хулигани и тинејџери не биле вообичаените сторители на криминал од омраза. Помалку од една од дваесет жртви на криминал од омраза се изјасниле дека сторителите биле тинејџери, а сличен процент се изјасниле дека станувало збор за фудбалски хулигани. Само една жртва на криминал од омраза се изјаснила дека сторителот бил припадник на екстремистичка група.

# 7. ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ ПО КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Прва точка на која органите на кривична правда можат да одговорат на делата на криминалот од омраза е кога тој криминал се пријавува на полицијата. Сепак, на меѓународно ниво добро е познато дека не сите жртви на криминал општо земено, и не сите жртви на криминал од омраза особено, го пријавуваат во полиција она што го доживуваат. Оттука, ова поглавје од Извештајот, ги претставува резултатите од истражувањето за пријавувањето на најсериозните дела посочени од испитаниците, а за оние испитаници што го пријавиле криминалот во полиција, и за нивните перцепции за тоа како биле третирани.

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА НА ПОЛИЦИЈАТА

Шест од десет (60,1 %) жртви на криминалот од омраза велат дека криминалот не бил пријавен во полиција, во споредба со помал процент,половина (50,5 %) од испитаниците за кои најсериозниот криминал што го доживеале во последните 12 месеци пред истражувањето не бил криминал од омраза.*

**ТАБЕЛА БРОЈ 2:**
**ПРИЧИНИ ЗОШТО КРИМИНАЛОТ НЕ БИЛ ПРИЈАВЕН ВО ПОЛИЦИЈАТА**

| | Криминал од омраза % | Друг криминал % |
|---|---|---|
| Тоа е вообичаен настан/едноставно, нешто што се случува | 35,0 | 14,0 |
| Не е уверен дека полицијата ќе може да стори нешто | 33,3 | 24,6 |
| Со проблемот се справиле сами/со помош од семејството или пријателите | 20,0 | 16,3 |
| Претривијално/не вреди да се пријави | 17,3 | 20,7 |
| Загрижен е поради негативни последици од пријавувањето | 17,3 | 16,2 |
| Страв од заплашување од сторителите ако го пријави инцидентот | 13,1 | 8,9 |
| Деранжирање/премногу бирократија или мака/нема време | 8,5 | 9,1 |
| Полицијата не би се ангажирала/не биле заинтересирана | 5,8 | 5,3 |
| Се обиделе да пријават, но полицијата не била заинтересирана | 3,0 | 0,8 |
| Несимпатија/страв од полицијата/претходно лошо искуство со полицијата | 1,2 | 12,7 |
| Друго | 0,6 | 6,3 |
| Пријавиле до друг орган | 0,0 | 1,8 |
| Проблем со дозвола за жителство – па не можеле да пријават | 0,0 | 0,0 |
| Не пријавиле, поради јазични тешкотии и несигурност | 0,0 | 2,4 |
| *Вкупно (тежински ненормализиран n)* | *53* | *90* |

Најчеста причина што ја изнелеоа нешто повеќе од една третина од жртвите на криминал од омраза, за непријавување во полиција на најсериозниот криминал со кој се соочиле е прифаќањето дека тоа е нешто што, едноставно, се случува. Една од шест жртви на криминал од омраза изјавила дека тоа било нешто многу тривијално и дека не вреди да се пријави.

Една третина од жртвите на криминал од омраза, исто така, се изјасниледека немале верба дека полицијата ќе може да стори нешто, со мал број — само нешто над една од дваесет жртви на криминал од омраза, велејќи дека полицијата не би се ангажирала или не би се интересирала.

Истражувањето EU-MIDIS II даде слични наоди: највообичаена причина што ја понудиле жртвите на малтретирање мотивирани од омраза, а и од насилството мотивирано од омраза тоа што не ги пријавиле инцидентите во полиција или на друг орган, била перцепцијата дека ништо нема да се случи или нема да се смени со пријавувањето на инцидентот.

## ПОСТАПУВАЊЕ ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИЈАТА

На испитаниците кои го пријавиле во полиција најсериозниот акт на криминал со кој се соочиле им биле поставени низа прашања за тоа како го доживеале својот контакт со полицијата и нејзиното постапување (табела број 3).

Немаше конзистентен образец на разлика меѓу одговорите на жртвите на криминал од омраза и жртвите на друг криминал. За жртвите на криминал од омраза беше помалку веројатно дека ќе кажат дека полицијата ги третирала фер и со почитување.* Сепак, за нив беше поверојатно отколку за жртвите на друг криминал дека полицијата ги информирала за напредокот на нивниот предмет и дека доживеале нешто повисоко ниво на задоволство од полицијата, во споредба со жртвите на друг криминал.*

Процентот на жртви на криминал од омраза кои биле незадоволни од одзивот на полицијата по пријавувањето, во ова истражување на криминалот од омраза (45,4 %) беше понизок отколку 63 % од жртвите на малтретирање мотивирано од омраза во истражувањето EU-MIDIS II, кои рекоа дека биле незадоволни со начинот на кој полицијата постапила по тоа прашање.[30]

**ТАБЕЛА БРОЈ 3:**
**ПОСТАПУВАЊЕ ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИЈАТА**

| | Криминал од омраза % | Друг криминал % |
|---|---|---|
| КОЛКУ ЛЕСНО ИЛИ ТЕШКО ВИ БЕШЕ ДА ОСТВАРИТЕ КОНТАКТ СО НЕКОЈ ОД ПОЛИЦИЈАТА КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ЗАНИМАВА СО ПРАШАЊЕТО? | | |
| Многу лесно | 26,7 | 29,0 |
| Доста лесно | 26,3 | 23,5 |
| Ни лесно ни тешко | 46,1 | 33,8 |
| Доста тешко | 0,9 | 10,7 |
| Мошне тешко | 0,0 | 3,0 |

30 European Union Agency for Fundamental Rights (FRA) (2017) *EU-MIDIS II: Second European Union minorities and discrimination survey*, Vienna: European Union Agency for Fundamental Rights, стр. 63.

**ТАБЕЛА БРОЈ 3:**
**ПОСТАПУВАЊЕ ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИЈАТА**

| | | |
|---|---|---|
| ДАЛИ СМЕТАТЕ ДЕКА ПОЛИЦИЈАТА ПОСТАПУВАШЕ ФЕР СО ВАС? | | |
| Да | 40,1 | 46,5 |
| Не целосно | 26,3 | 15,4 |
| Ни најмалку | 21,1 | 12,6 |
| Не сум сигурен | 12,4 | 25,5 |
| ДАЛИ СМЕТАТЕ ДЕКА ПОЛИЦИЈАТА СЕ ОДНЕСУВАШЕ КОН ВАС СО ПОЧИТУВАЊЕ? | | |
| Да | 49,5 | 54,4 |
| Не целосно | 12,4 | 20,3 |
| Ни најмалку | 22,3 | 7,3 |
| Не сум сигурен | 15,9 | 17,9 |
| КОЛКУ ДОБРО ВЕ ИНФОРМИРАШЕ ПОЛИЦИЈАТА ЗА НАПРЕДОКОТ ВО СЛУЧАЈОТ? | | |
| Многу добро | 6,5 | 10,7 |
| Доста добро | 30,3 | 17,5 |
| Не баш добро | 30,6 | 24,7 |
| Воопшто не беше добро | 9,9 | 31,7 |
| Не е неопходно да ме информираат | 22,7 | 15,4 |
| ВО ЦЕЛИНА, ДАЛИ БЕВТЕ ГЕНЕРАЛНО ЗАДОВОЛНИ ИЛИ НЕЗАДОВОЛНИ СО ТОА КАКО ПОЛИЦИЈАТА ПОСТАПУВАШЕ ПО ПРАШАЊЕТО? | | |
| Задоволен | 10,9 | 10,9 |
| Доста задоволен | 30,3 | 24,2 |
| Малку незадоволен | 12,9 | 12,6 |
| Незадоволен | 32,5 | 38,6 |
| Ниту задоволен, ниту незадоволен | 9,6 | 8,3 |
| Не знам | 3,8 | 5,5 |
| *Вкупно (тежински ненормализиран n)* | *[35]* | *85* |

# 8. ЕФЕКТИ НА ВИКТИМИЗАЦИЈАТА НА КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Бројни жртви на криминал страдаат од некакви поствиктимизациски ефекти. Во случај на криминал од омраза, голем број докази од истражувања собрани на меѓународно ниво укажуваат дека ефектите за жртвите на криминал од омраза во просек може да се поголеми од ефектите на криминал без отежнувачкиот елемент на омраза. На меѓународно ниво постојат докази дека ваквото разбирање стана основа за водење владини политики и ги поттикна владините институции и институциите за кривична правда да преземат мерки против криминалот од омраза.[31]

Последично, ова истражување за криминал од омраза им постави низа прашања на жртвите кои го посочија најсериозниот акт на криминал со кој се соочиле во последните 12 месеци пред истражувањето, во врска со поствиктимизациските ефекти. Ова поглавје од иИвештајот ги претставува резултатите, фокусирајќи се одделно на различни типови на пост-виктимизациски ефекти идентификувани во истражувачката литература до денес – социоемоционални, психолошки, психосоматски и бихејвиорални ефекти, а дополнително се фокусира и на асоцијацијата меѓу искуството на фактичка виктимизација поради криминал и грижите поради потенцијалната виктимизација. Презентирани се и резултатите за реакциите на посттрауматски стрес по виктимизацијата поради криминал.

За секоја од овие мерки на поствиктимизациски ефекти, истражувањето утврди дека за жртвите на криминал од омраза како група беше поверојатно да се изјаснат за повисоко ниво на ефекти (последици) од другите жртви на криминал. Доследноста на резултатите и тоа што кореспондираат со меѓународните докази се мошне уверливи.

## ЗАСЕГНАТОСТ СО ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

Во врска со најсериозниот акт на криминал со кој се соочиле, испитаниците во истражувањето беа запрашани „Севкупно, колку бевте засегнати?“. Потребно е да се одбележи дека за жртвите на криминал од омраза беше поверојатно отколку за жртвите на друг криминал да кажат дека биле „многу“ или „мошне многу“ засегнати од нивното искуство со криминалот.

31 Giannasi, P. [2014] `Academia from a Practitioner's Perspective: A Reflection on the Changes in the Relationship between Academia, Policing and Government in a Hate Crime Context' in Neil Chakraborti and Jon Garland (eds.) Responding to Hate Crime: The Case for Connecting Policy and Research, Bristol: Policy Press. Види, исто така: https://impact.ref.ac.uk/CaseStudies/CaseStudy.aspx?Id=43547

| ТАБЕЛА БРОЈ 4: ЗАСЕГНАТОСТ ОД ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ | | |
|---|---|---|
| | Криминал од омраза % | Друг криминал % |
| **СЕВКУПНО, КОЛКУ БЕВТЕ ЗАСЕГНАТИ?** | | |
| Многу | 27,7 | 22,1 |
| Мошне многу | 38,7 | 30,0 |
| Само малку | 33,6 | 47,9 |
| *Ненормализиран n* | *90* | *207* |

## СОЦИОЕМОЦИОНАЛНИ ЕФЕКТИ

За жртвите на криминал од омраза како група повеќе од двапати беше поверојатно отколку за жртвите на друг криминал да се изјаснат дека имале значителни проблеми со членовите на семејството или со пријателите како последица на тоа што се соочиле со криминал (табела број 5).

| ТАБЕЛА БРОЈ 5: СОЦИОЕМОЦИОНАЛНИ ПРОБЛЕМИ ПО ВИКТИМИЗАЦИЈАТА ПОРАДИ КРИМИНАЛ | | |
|---|---|---|
| | Криминал од омраза % | Друг криминал % |
| **ДАЛИ ТОА ШТО СТЕ БИЛЕ ЖРТВА НА ОВОЈ КРИМИНАЛ ДОВЕЛО ДО ЗНАЧИТЕЛНИ ПРОБЛЕМИ СО ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО ИЛИ ПРИЈАТЕЛИТЕ, ВКЛУЧИТЕЛНО И ВЛЕГУВАЊЕТО ВО ПОВЕЌЕ РАСПРАВИИ ИЛИ КАРАНИЦИ/ТЕПАЧКИ ОД ПРЕТХОДНО, ЧУВСТВУВАЈЌИ ДЕКА НЕ МОЖЕШ ТОЛКУ ДА ИМ ВЕРУВАШ?** | | |
| Да | 30,6 | 13,3 |
| Не | 67,7 | 84,3 |
| Не знам | 1,7 | 2,4 |
| **ДАЛИ ТОА ШТО БЕВТЕ ЖРТВА НА ОВОЈ КРИМИНАЛ ДОВЕДЕ ДО ТОА ДА ИМАТЕ ЗНАЧИТЕЛНИ ПРОБЛЕМИ СО РАБОТАТА ИЛИ ДОМАШНИТЕ ЗАДАЧИ, ИЛИ ПРОБЛЕМИ СО ВАШИОТ ШЕФ, СОРАБОТНИЦИТЕ ИЛИ КОЛЕГИТЕ/СОУЧЕНИЦИТЕ?** | | |
| Да | 15,5 | 7,5 |
| Не | 84,5 | 91,9 |
| Не знам | 0,0 | 0,5 |
| *Ненормализиран n* | *90* | *207* |

За нив, исто така, беше двапати поверојатно да се изјаснат дека имале значителни проблеми на училиште или на работа, по нивното лично искуство со криминал.* Овие прашања за социоемоционалните ефекти се изведени од Националното истражување за виктимизација

од криминал на Соединетите Американски Држави, кое слично покажува дека за жртвите на криминал од омраза како група е поверојатно да се изјаснат за вакви ефекти.[32]

## ПСИХОЛОШКИ ЕФЕКТИ

Низа прашања поставени на испитаниците за потенцијалните психолошки ефекти од виктимизацијата поради криминал се изведени од Истражувањето на криминалот за Англија и Велс. Не сите испитаници се изјасниле дека го доживеале секој од ефектите. Сепак, навистина, потребно е да се одбележи дека за секоја од користените мерки, за жртвите на криминал од омраза како група беше поверојатно да се изјаснат за вакви поствиктимизациски психолошки ефекти отколку жртвите на друг криминал (слика број 12).

*Слика број 12: Психолошки ефекти на виктимизацијата од криминал на омраза*




32 Види: Iganski, P. & Lagou, S. (2016) 'The psychological impact of hate crimes on victims: an exploratory analysis of data from Националното истражување на Соединетите Американски Држави за виктимизација од криминал ', во Dunbar, E.W. (ed.) *The psychology of hate crimes as domestic terrorism*, Santa Barbara, CA: Praeger, стр. 287.

Образецот на разлика меѓу жртвите на криминал од омраза и жртвите на друг криминал во смисла на поствиктимизациски психолошки одговор е конзистентен со доказите од истражувањето на криминалот за Англија и Велс[33], дури и до таму што лутината и губењето доверба се меѓу најчесто образложените ефекти кај жртвата на криминал од омраза.[34] Образецот на разлика, исто така, е конзистентен со доказите од Националното истражување на Соединетите Американски Држави за виктимизација од криминал.[35]

## ЗАГРИЖЕНОСТ ПОРАДИ ПОТЕНЦИЈАЛНА ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ

Испитувањето на асоцијацијата меѓу фактичката виктимизација поради криминал и загриженоста поради потенцијална интерперсонална виктимизација поради криминал, исто така, открива јасен образец на разлика меѓу испитаниците во истражувањето кои биле жртви на криминал од омраза и оние кои биле жртви на друг криминал (табела број 6).

33 Види: Iganski, P. & Lagou, S. (2014) ‘The personal injuries of “hate crime”’, in Hall, N., Corb, A., Giannasi, P. and Grieve, J. (eds.) *The Routledge International Handbook on Hate Crime,* London: Routledge, стр. 41-43.

34 Воочените разлики за лутина, шок, депресија, напади на анксиозност/паника, тешкотии со сонот, иритираност, ранливост, повреденост и небезбедност не би биле статистички значајни доколку податоците биле генерирани од одбирок по случаен избор. Сепак, конзистентноста на наодите на истражувањето со доказите од Истражувањето на криминал за Англија и Велс и Националното истражување на Соединетите Американски Држави за виктимизација од криминал ја потцртува нивната веродостојност и укажува дека веројатно е со поголем одбирок сите разлики да бидат статистички значајни.

35 Види: Iganski, P. & Lagou, S. (2016) ‘Психолошките ефекти на криминалот од омраза врз жртвите: појаснителна анализа на податоците од Националното истражување на Соединетите Американски Држави за виктимизација од криминал’, во Dunbar, E.W. (ed.) *The psychology of hate crimes as domestic terrorism*, Santa Barbara, CA: Praeger, стр. 288.

**ТАБЕЛА БРОЈ 6:**
**ЗАГРИЖЕНОСТ ПОРАДИ ПОТЕНЦИЈАЛНА ВИКТИМИЗАЦИЈА ПОРАДИ КРИМИНАЛ**

| | Криминал од омраза % | Друг криминал % |
|---|---|---|
| **КОЛКУ СТЕ ЗАГРИЖЕНИ ИЛИ НЕЗАГРИЖЕНИ ЗА МОЖНОСТА ДА БИДЕТЕ НАПАДНАТИ И ОГРАБЕНИ?** | | |
| Многу загрижен | 23,1 | 22,4 |
| Доста загрижен | 59,4 | 43,5 |
| Не многу загрижен | 15,1 | 26,5 |
| Ни најмалку загрижен | 2,3 | 7,6 |
| **КОЛКУ СТЕ ЗАГРИЖЕНИ ИЛИ НЕЗАГРИЖЕНИ ЗА МОЖНОСТА ДА БИДЕТЕ ФИЗИЧКИ НАПАДНАТИ ОД НЕПОЗНАТИ?** | | |
| Многу загрижен | 33,7 | 18,0 |
| Доста загрижен | 47,3 | 40,3 |
| Не многу загрижен | 17,9 | 26,1 |
| Ни најмалку загрижен | 1,1 | 15,6 |
| **КОЛКУ СТЕ ЗАГРИЖЕНИ ИЛИ НЕЗАГРИЖЕНИ ЗА МОЖНОСТА ДА БИДЕТЕ МЕТА НА ФИЗИЧКИ НАПАД ПОРАДИ ВАШЕТО ЕТНИЧКО, РАСНО ИЛИ НАЦИОНАЛНО ПОТЕКЛО, ИЛИ РЕЛИГИЈА?** | | |
| Многу загрижен | 16,2 | 14,2 |
| Доста загрижен | 44,8 | 38,6 |
| Не многу загрижен | 27,5 | 31,4 |
| Ни најмалку загрижен | 11,5 | 15,7 |
| **КОЛКУ СТЕ ЗАГРИЖЕНИ ИЛИ НЕЗАГРИЖЕНИ ЗА МОЖНОСТА ДА БИДЕТЕ МАЛТРЕТИРАН, ЗЛОСТАВУВАН ИЛИ ВОЗНЕМИРУВАН НА ЈАВНИ МЕСТА ИЛИ НА УЧИЛИШТЕ, ФАКУЛТЕТ ИЛИ РАБОТА, ПОРАДИ ВАШЕТО ЕТНИЧКО, РАСНО ИЛИ НАЦИОНАЛНО ПОТЕКЛО ИЛИ РЕЛИГИЈА?** | | |
| Многу загрижен | 13,4 | 12,2 |
| Доста загрижен | 46,1 | 29,2 |
| Не многу загрижен | 26,8 | 34,8 |
| Ни најмалку загрижен | 13,7 | 23,8 |
| **КОЛКУ СТЕ ЗАГРИЖЕНИ ИЛИ НЕЗАГРИЖЕНИ ЗА МОЖНОСТА ДА БИДЕТЕ СЕКСУАЛНО НАПАДНАТИ?** | | |
| Многу загрижен | 15,8 | 10,0 |
| Доста загрижен | 42,3 | 18,1 |
| Не многу загрижен | 17,4 | 23,6 |
| Ни најмалку загрижен | 24,6 | 48,3 |
| **КОЛКУ СТЕ ЗАГРИЖЕНИ ИЛИ НЕЗАГРИЖЕНИ ЗА МОЖНОСТА ДА БИДЕТЕ НАВРЕДЕНИ ИЛИ ДА ВИ СЕ ЗАКАНУВААТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ?** | | |
| Многу загрижен | 9,1 | 4,4 |
| Доста загрижен | 38,3 | 16,1 |
| Не многу загрижен | 20,2 | 26,9 |
| Ни најмалку загрижен | 17,9 | 25,4 |
| Никогаш не користам социјални медиуми | 14,6 | 27,3 |
| *Ненормализиран n* | *90* | *207* |

Се чини дека оваа асоцијација не била испитана во досегашните меѓународни сведоштва во врска со виктимизацијата поради криминал од омраза. Оттука, ова истражување за криминал од омраза нуди уникатен увид во ефектите од криминал од омраза.

Потребно е да се одбележи дека за секоја од користените мерки во врска со загриженоста околу потенцијалната интерперсонална виктимизација поради криминал — загриженост од можноста да бидеш нападнат или ограбен; загриженост од можноста да бидеш физички нападнат од непознати; загриженост од можноста да бидеш физички нападнат или малтретран, тормозен или вознемируван поради своето етничко, расно, национално потекло или религија; загриженост од можноста да бидеш сексуално нападнат; и загриженост од можноста да бидеш навреден или да добиваш закани на социјалните медиуми, за жртвите на криминал од омраза во истражувањето беше поверојатно отколку за жртвите на друг криминал да се изјаснат дека биле многу загрижени или доста загрижени.[36]

## ПСИХОСОМАТСКИ СИМПТОМИ

За испитаниците во истражувањето кои се изјасниле дека биле жртва на криминал од омраза беше поверојатно како група да се изјаснат за психосоматски симтоми како главоболки, несоница, промени во навиките на јадење и пиење, вознемирен желудник, замор и мускулна тензија (слика број 13).[37] Прашањата околу психосоматски реакции по виктимизација поради криминал беа изведени од Националното истражување за виктимизација од криминал на Соединетите Американски Држави кое, слично, покажува дека за жртвите на криминал од омраза како група е поверојатно да се пријават за психосоматски симтоми.[38]

*Слика број 13 : Психосоматска реакција после виктимизација поради криминал*




n: Број на жртви на криминал од омраза = 90, Жртви на друг криминал = 207

36 Воочената разлика во загриженоста поради физички напад што би се должел на етничкото, расното, националното потекло или религијата не би била статистички значајна доколку податоците беа генерирани од одбирок по случаен избор.

37 Само воочената разлика за промените во навиките за јадење и пиење и вознемирениот желудник би биле статистички значајни доколку податоците се генерирани од одбирок по случаен избор. Сепак, конзистентноста на наодите од истражувањето со доказите од Националното истражување на САД за виктимизација од криминал ја потцртува нивната веродостојност и укажува дека е веројатно со поголем одбирок сите воочени разлики да бидат статистички значајни.

38 Види: Iganski, P. & Lagou, S. (2016) „Психолошки ефекти на криминалот од омраза врз жртвите: појаснителна анализа на податоците од Националното истражување на Соединетите Американски Држави за виктимизација од криминал ', во Dunbar, E.W. (ed.) *Психологија на криминалот од омраза како домашен тероризам*, Санта Барбара, Калифорнија, стр. 289.

## ОДНЕСУВАЊЕ ПРИ ОДБЕГНУВАЊЕ НА КРИМИНАЛ

Можеби е разбирливо, земајќи го предвид повисокото ниво на загриженост околу потенцијалната интерперсонална виктимизација поради криминал за кој се изјасниле жртвите од криминал во истражувањето, за нив беше, исто така, поверојатно да кажат дека одбегнувале определени места – како што се продавници, кафулиња, јавен превоз, спортски или културни објекти и други јавни места – од страв дека ќе бидат лошо третирани поради своето етничко, расно или национално потекло, нивната религија или нивните политички уверувања (табела број 7).[39]

**ТАБЕЛА БРОЈ 7: ОДНЕСУВАЊЕ ПРИ ОДБЕГНУВАЊЕ НА КРИМИНАЛОТ**

| | Криминал од омраза % | Друг криминал % |
|---|---|---|
| **ДАЛИ ОДБЕГНУВАТЕ ОПРЕДЕЛЕНИ МЕСТА КАКО ШТО СЕ ПРОДАВНИЦИ, КАФУЛИЊА, ЈАВЕН ПРЕВОЗ, СПОРТСКИ ИЛИ КУЛТУРНИ ОБЈЕКТИ И ДРУГИ ЈАВНИ МЕСТА – ОД СТРАВ ДЕКА ЌЕ БИДЕТЕ ЛОШО ТРЕТИРАНИ ПОРАДИ ВАШЕТО ЕТНИЧКО, РАСНО ИЛИ НАЦИОНАЛНО ПОТЕКЛО, ИЛИ РЕЛИГИЈА?** | | |
| Да | 58,2 | 34,7 |
| Не | 41,8 | 65,3 |
| **ДАЛИ ОДБЕГНУВАТЕ ОПРЕДЕЛЕНИ МЕСТА КАКО ШТО СЕ ПРОДАВНИЦИ, КАФУЛИЊА, ЈАВЕН ПРЕВОЗ, СПОРТСКИ ИЛИ КУЛТУРНИ ОБЈЕКТИ И ДРУГИ ЈАВНИ МЕСТА – ОД СТРАВ ДЕКА ЌЕ БИДЕТЕ ЛОШО ТРЕТИРАНИ ПОРАДИ ВАШИТЕ ПОЛИТИЧКИ УВЕРУВАЊА?** | | |
| Да | 44,2 | 32,3 |
| Не | 55,8 | 67,7 |
| *Ненормализиран n* | *90* | *207* |

Образецот на разлика меѓу жртвите на криминал од омраза и жртвите на друг криминал во смисла на однесување за да се одбегне криминал е конзистентен со доказите од Истражувањето на криминал за Англија и Велс.[40]

## ПОСТТРАУМАТСКИ СТРЕС РЕАКЦИИ

Конечно, за најсериозните криминални дела што ги идентификувале, на испитаниците им била презентирана низа од седумнаесет посттрауматски стрес реакции[41] (табела број 8) и од нив беше побарано да посочат дали во последниот месец имале непријатности со секој од типовите проблеми поради криминалот што го доживеале. Одговорите достапни за секоја реакција се протегаат на скала од „Ни најмалку“ до „Пет или повеќе пати седмично/речиси секогаш“. Кога се споредува просечната оценка (со користење на скала од 0 до 4) за секоја од реакциите на жртвите на криминал од омраза со жртвите на друг криминал, потребно е да се одбележи дека за секоја реакција жртвите на криминал од омраза како група имаат повисок резултат од жртвите на друг криминал како група, укажувајќи дека за жртвите на криминал од омраза беше поверојатно да се изјаснат дека имале реакција во претходниот месец. Доколку се пресмета севкупниот просек тогаш, исто така, треба да се одбележи дека севкупниот

39 Воочената разлика во врска со одбегнувачкото однесување поради политички уверувања би била само малку под статистичката значајност доколку податоците биле генерирани од одбирок по случаен избор.

40 Iganski & Lagou (2014) Op. cit. pp. 43-44.

41 Адаптирано од: Foa, E., Cashman, L., Jaycox, L., & Perry, K. (1997) 'The validation of a self-report measure of PTSD: The Posttraumatic Diagnostic Scale', *Psychological Assessment,* 9, 445-451.

просечен резултат за жртвите на криминал од омраза ($\bar{x}$ = 0,718) беше поголем од севкупниот просек за жртвите на друг криминал ($\bar{x}$ = 0,506).

Поверојатно беше за жртвите на криминал од омраза отколку за жртвите на друг криминал да изјаснат дека најсериозниот акт на криминал со кој се соочиле се случил во рамките на период од четири месеци пред истражувањето. Сепак, дури и кога ова се контролира со испитување на изјаснувањата за посттрауматски стрес реакции за оние испитаници кои го доживеале најсериозниот чин на криминал во рамките на период од четири месеци пред истражувањето, жртвите на криминал од омраза како група имале повисок просечен резултат во споредба со жртвите на друг криминал (жртви на криминал од омраза $\bar{x}$ = 0,987: жртви на друг криминал $\bar{x}$ = 0,588).

| **ТАБЕЛА БРОЈ 8: ПОСТТРАУМАТСКИ СТРЕС РЕАКЦИИ** | | |
|---|---|---|
| | Криминал од омраза $\bar{x}$ | Друг криминал $\bar{x}$ |
| Вознемирувачки мисли или слики за трауматскиот настан што ви доаѓаат во глава без да сакате | 1,1319 | 0,7282 |
| Чувство на емоционална вознемиреност кога ќе се потсетите на трауматскиот настан | 0,9778 | 0,8633 |
| Прекумерна претпазливост | 0,9101 | 0,5080 |
| Иритабилност или склоност кон напади на лутина | 0,8938 | 0,7023 |
| Нервозни или лесно плашливи | 0,8904 | 0,5282 |
| Обид да не се размислува, да не се зборува и да не се имаат чувства за трауматскиот настан | 0,7880 | 0,6375 |
| Чувство на далечина или отсеченост од луѓето околу вас | 0,7041 | 0,3609 |
| Чувство на емотивна тапост | 0,6601 | 0,2943 |
| Повторно преживување на трауматскиот настан, постапување или чувство како тој повторно да се случува | 0,6379 | 0,5421 |
| Доживување физички реакции кога ќе ве потсетат на трауматскиот настан | 0,6312 | 0,5866 |
| Многу помал интерес или многу помало учество во важни активности | 0,6292 | 0,3583 |
| Обид да се одбегнат активности, луѓе или места што ве потсетуваат на трауматскиот настан | 0,6234 | 0,5752 |
| Лоши соништа или ноќни мори за трауматскиот настан | 0,5780 | 0,5125 |
| Проблеми со концентрацијата | 0,5685 | 0,2961 |
| Проблеми да се заспие или да се одржи сонот | 0,5663 | 0,3496 |
| Чувство дека нема да се остварат вашите идни планови или надежи | 0,5211 | 0,3160 |
| Неможност да се сетите на важен дел од трауматскиот настан | 0,4940 | 0,4466 |
| *Ненормализиран n* | *90* | *207* |

# 9. ЗАКЛУЧОЦИ

Резултатите од истражувањето претставени во овој Извештај даваат посеопфатен преглед на виктимизацијата поради криминал од омраза и нејзините ефекти што се достапни до денес, од малиот број на случаи на криминал од омраза претходно посочени во административните и невладините податоци во Северна Македонија.

Од одбирок од 1.510 испитаници, а со користење на конзервативно и веродостојно пребројување на случаите на виктимизација поради криминал, истражувањето пронајде 165 испитаници кои биле жртви на криминал од омраза во последните 12 месеци пред истражувањето. Овој број е значаен кога ќе се земе предвид дека 165 лица кои доживеале криминал од омраза биле дел од само мал фрагмент од населението на Северна Македонија кои биле селектирани за истражувањето. Оваа констатација сугерира дека е веројатно фактичкиот обем на криминал од омраза во Северна Македонија е значителен. Некои жртви доживуваат и повеќе од едно дело во даден временски период. Меѓу нив, жртвите на криминал од омраза во истражувањето доживеале 222 дела на криминал од омраза. Иако оваа бројка е заснована на одбирок од испитаници, таа не е процена. Таа ги претставува фактичките искуства на лица кои учествуваат во истражувањето и бројот на дела на криминал од омраза далеку го надминува бројот опфатен во административните и невладините податоци за Северна Македонија.

Истражувањето, исто така, дава увид во нецелосното пријавување на криминалот и криминалот од омраза. Шест од десет дела од омраза не биле пријавени во полиција, а половина од другиот криминал доловен со истражувањето, исто така, не бил пријавен. Причините што ги кажале жртвите за непријавувањето на криминалот што го доживеале биле вообичаените причини дадени и во меѓународните истражувања на виктимизација поради криминал. Меѓу жртвите кои го пријавиле делото во полиција, за жртвите на криминал од омраза помалку веројатно било да кажат дека полицијата постапувала со нив фер и со почитување. Сепак, тие изразиле нешто повисоко ниво на задоволство со полицијата, во споредба со жртвите на друг криминал.

Резултатите на ефектите на виктимизација поради криминал од омраза обезбедуваат важно разбирање и натамошни иновации. За веродостојноста на мерењето, а и за компаративни цели, ова истражување за криминал од омраза усвои мерки за ефектите на виктимизација поради криминал користени во разновидни истражувања на меѓународно ниво. Во комбинација, мерките претставуваат досега најопширно испитување на ефектите на криминал од омраза. Резултатите го потврдуваат образецот што веќе е добиен како доказ од меѓународните истражувања: за жртвите на криминал од омраза еповеројатно како група да образложат за поствиктимизациските социоемоционални, психолошки, психосоматски и бихејвиорални ефекти споредени со жртвите на друг криминал како група. Овие евидентни обрасци во резултатите од ова истражување за криминал од омраза, исто така, ја потврдуваат робусноста на истражувањето. Одејќи подалеку од досегашните меѓународни докази, ова истражување за криминал од омраза, исто така, покажува дека за жртвите на криминал од омраза е поверојатно отколку за жртвите на друг криминал да изразат загриженост околу потенцијалната виктимизација поради криминал. Исто така, за нив е поверојатно да се изјаснат за симптомите на посттрауматски стрес. Сите овие наоди за ефектите на виктимизација поради криминал од омраза имаат важни импликации за потребата да се разработат делотворни мерки што одговараат на криминалот од омраза и се борат против него, и потребата од таргетирани политики и стратегии од страна на националните и локалните власти, како и организациите на граѓанското општество.

## ПРИЛОГ БРОЈ 1

Општините вклучени во истражувањето, според етнички состав, во согласност со пописот од 2002 година

*(Редиците се проценти)*

| | Вкупно(N) | Албанци | Бошњаци | Македонци | Роми | Срби | Турци | Власи | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Брвеница | 15.855 | 61,6 | 0,0 | 37,5 | 0,0 | 0,5 | 0,0 | 0,0 | 0,3 |
| Бутел | 36.154 | 25,2 | 2,7 | 62,3 | 1,6 | 2,9 | 3,6 | 0,3 | 1,5 |
| Чаир | 64.773 | 57,0 | 4,6 | 24,1 | 4,8 | 1,0 | 6,9 | 0,1 | 1,5 |
| Чашка | 7.673 | 35,2 | 0,9 | 57,3 | 0,0 | 0,7 | 5,1 | 0,0 | 0,8 |
| Чучер - Сандево | 8.493 | 22,9 | 0,0 | 47,3 | 0,3 | 28,6 | 0,0 | 0,2 | 0,8 |
| Долнени | 13.568 | 26,7 | 17,5 | 35,9 | 0,1 | 0,1 | 19,1 | 0,0 | 0,6 |
| Гази Баба | 72.617 | 17,2 | 1,0 | 73,7 | 2,9 | 2,9 | 0,8 | 0,3 | 1,2 |
| Јегуновце | 10.790 | 43,0 | 0,0 | 55,3 | 0,4 | 1,0 | 0,0 | 0,0 | 0,3 |
| Кичево | 30.138 | 30,5 | 0,0 | 53,6 | 5,4 | 0,3 | 8,1 | 0,3 | 1,9 |
| Крушево | 9.684 | 21,3 | 1,4 | 62,8 | 0,0 | 0,4 | 3,3 | 10,5 | 0,3 |
| Куманово | 105.484 | 25,9 | 0,0 | 60,4 | 4,0 | 8,6 | 0,3 | 0,1 | 0,6 |
| Маврово и Ростуше | 8.618 | 17,2 | 0,4 | 50,5 | 0,1 | 0,1 | 31,1 | 0,0 | 0,7 |
| Петровец | 8.255 | 22,9 | 17,5 | 51,4 | 1,6 | 5,0 | 0,9 | 0,0 | 0,7 |
| Ресен | 16.825 | 9,1 | 0,0 | 76,1 | 1,1 | 0,4 | 10,7 | 0,2 | 2,4 |
| Сопиште | 5.656 | 34,3 | 0,0 | 60,2 | 0,0 | 0,6 | 4,3 | 0,1 | 0,5 |
| Струга | 63.376 | 56,8 | 0,2 | 32,1 | 0,2 | 0,2 | 5,7 | 1,0 | 3,8 |
| Тетово | 86.580 | 70,3 | 0,2 | 23,2 | 2,7 | 0,7 | 2,2 | 0,0 | 0,7 |
| Зелениково | 4.077 | 29,6 | 4,7 | 61,9 | 2,3 | 1,1 | 0,0 | 0,0 | 0,5 |

## ПРИЛОГ БРОЈ 2

Големина на одбирокот за секоја селектирана општина, според етнички состав

| | *Албанци* | *Бошњаци* | *Македонци* | *Муслимани* | *Роми* | *Срби* | *Турци* | *Власи* | *Македонци Муслимани* | *Други* | *Претпочита да не каже* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бутел** | 23 | 4 | 56 | 1 | 2 | 4 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 95 |
| **Брвеница** | 26 | 0 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 42 |
| **Чаир** | 96 | 8 | 42 | 0 | 7 | 2 | 12 | 2 | 0 | 2 | 0 | 171 |
| **Чашка** | 7 | 0 | 12 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 |
| **Чучер -Сандево** | 5 | 1 | 9 | 0 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22 |
| **Долнени** | 9 | 7 | 12 | 1 | 0 | 0 | 6 | 0 | 1 | 0 | 0 | 36 |
| **Гази Баба** | 35 | 2 | 140 | 0 | 6 | 6 | 1 | 2 | 0 | 1 | 1 | 194 |
| **Јегуновце** | 12 | 0 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 28 |
| **Кичево** | 25 | 0 | 45 | 3 | 4 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 83 |
| **Крушево** | 2 | 0 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 0 | 26 |
| **Куманово** | 71 | 0 | 169 | 0 | 11 | 24 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 278 |
| **Маврово и Ростуше** | 4 | 0 | 5 | 2 | 0 | 0 | 8 | 0 | 4 | 0 | 0 | 23 |
| **Петровец** | 6 | 6 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 22 |
| **Ресен** | 4 | 0 | 31 | 0 | 0 | 0 | 7 | 1 | 0 | 0 | 1 | 44 |
| **Сопиште** | 5 | 0 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15 |
| **Струга** | 93 | 0 | 51 | 2 | 0 | 1 | 9 | 8 | 2 | 0 | 1 | 167 |
| **Тетово** | 167 | 1 | 52 | 0 | 6 | 1 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 233 |
| **Зелениково** | 2 | 0 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 |
| **Вкупно** | 592 | 29 | 693 | 9 | 37 | 44 | 58 | 31 | 8 | 4 | 5 | 1510 |

**Мисија на ОБСЕ во Скопје**
булевар 8-мк Септември бр.16
1000 Скопје

Телефонски број: +389 2 323 4000
Факс: + 389 2 323 4234
info-MK@osce.org

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**